**32-05(497.1)(093.3)**

**Инес Црвенковска Ристеска (Северна Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија**
**Природно-математички факултет**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Е-маил: inesc.r.2000@gmail.com**

# „ТИТО СЕ ВРАЌА ВО СКОПЈЕ“[1]: ЗАБОРАВАНИ СЕЌАВАЊА ЗА ЈОСИП БРОЗ

**Апстракт***:* По распаѓањето на СФР Југославија, во независната Република Македонија се случуваа наизменични временски периоди кога сеќавањето и заборавањето на ликот и делото на Ј. Б. Тито се интензивираа или се неутрализираа низ одредени постапки на политичките елити. Во овој текст се обидувам ова да го разгледам низ примери на односот на државните власти и политичките центри на моќ како во случајов односот кон уметничкиот портрет на Ј. Б. Тито од авторот Д. Кондовски, кон пораката на Тито искажана по земјотресот во Скопје во 1963 година и испишана на ѕидот на старата железничка станица – денешен Музеј на град Скопје и кон други културни споменици и институции поврзани со сеќавањата на Ј. Б. Тито. Во периодите по независноста на Република Македонија кога на власт е партијата ВМРО-ДПМНЕ, забележителна е тенденцијата за отстранување или криење на уметничките дела на кои е претставен Ј. Б. Тито во музејските депоа, со цел „бришење“ или заборавање на делото на Ј. Б. Тито од македонските колективни сеќавања.

Од друга страна, пак, иницијативите што се појавуваат на интернет и во јавните медиуми во циклусите кога ВМРО-ДПМНЕ не е на власт, посебно по 2017 година, се залагаат за враќање на пораката на Ј. Б. Тито на ѕидот на Музејот, со што иницијаторите сметаат дека сеќавањето за Ј. Б. Тито ќе се врати во воспоставената идеја за градот Скопје како град на солидарноста, бидејќи, според нив, „едноставно тој концепт е нешто што секое здраво општество го негува“.

**Клучни зборови***:* Јосип Броз Тито, сеќавање, заборавање, СР Македонија, постсоцијалистичка Република Македонија.

1 Наслов на текст во дневен весник во периодот кога се повторно поставени буквите од пораката на Ј. Б. Тито на ѕидот на Музејот на град Скопје, кога пораката „е вратена на своето старо место“. Поголем дел од насловите на написите во печатените и електронските медиуми во врска со овој настан, на настанот му го даваат истото значење.

Во оваа дискусија за сеќавањата и за обидите за заборавање на Ј. Б. Тито во постсоцијалистичко Скопје и Република Македонија, најпрво ќе се обидеме да го разбереме поимот колективно сеќавање, во кој важен сегмент е заборавањето. Кога авторите пишуваат за колективните сеќавања, тие многу повеќе се интересираат за она што се памети, а помалку за она што се посакува колективно да се заборави, односно што владејачките партии сакаат јавноста да го заборави. Во зависност од партиите на власт, во едни циклуси во постсоцијалистичко Скопје и Република Македонија се забележани примери за обиди за негово колективно заборавање, а во други циклуси може да се зборува за иницијативи и реализации од градските власти на Скопје на обиди за враќање на сеќавањата за Ј. Б. Тито во Скопје. Таков пример е враќањето на пораката на Ј. Б. Тито на ѕидот на Музејот на град Скопје во 2018 година.

Авторите пишуваат дека сеќавањата се „заеднички обележја од секојдневниот живот, претставуваат заеднички општествени рамки на индивидуалните спомени“ (Boym 2001: 53, според Velikonja 2008: 25), кои секогаш се создавани за да бидат ставени во функција на власта, како „идеолошки конотиран и, исто како и секоја друга ментална форма, предмет на механизмите што ги користат центрите за општествена моќ и нивната борба за хегемонија – селекција, хиерархизација, изградба и амнезија“. Во насока на разбирањето на сеќавањата како категорија што се создава, „сеќавањето не е само вредносно когнитивен процес (помалку или повеќе верна репрезентација на нешто надворешно), туку тоа со себе носи и вредносни и емоционални содржини за тоа што е вредно да се памти, што треба да се памти или што не смее или не може да се заборави“ (Pavićević 2009: 94). Ова го потврдува фактот дека на ваквите процеси може и да се влијае, што авторите го утврдиле на многу наврати: дали некои сеќавања ќе бидат актуелни во одреден период, други ќе бидат заборавени, намерно или ненамерно. Ваквото видување може да се дополни и со размислувањето дека сеќавањето не е ништо друго туку збир практики како во претходната смисла, што претставуваат „бесконечен и променлив процес на собирање, преработка, складирање и употреба на искуствата“ (Pavićević 2009: 95). Но, она што би можело да се рече за памтењето и заборавањето како важен сегмент за сеќавањето, е дека тие „секогаш се подложени на историски променливите фигурации и на дискурзивното производство на меморија“ (Pavićević 2009: 104). Па така, и во примерите на Ј. Б. Тито како симбол на претходното социјалистичко уредување, во постсоцијалистичка Република Македонија, моќта да се занимаваат со тоа ја имаат политичките партии што се на власт. Во соодност со нивната политичка ориентација, си даваат право самоволно да одлучуваат дали односот кон Ј. Б. Тито и социјализмот спроведуван на територијата на СР Македонија ќе биде третиран како добар или лош во нивниот дискурс. Од позиција на политичка моќ, нивното политичко мислење го наметнуваат како единствено релевантно,

како и правото да го креираат доминантниот наратив за тоа каков бил Ј. Б. Тито и неговиот социјализам спрема Македонците, Македонија итн., притоа поддржани со компетенција на група историчари, археолози и др. во тој период. Согласно со нивните идејни политики, тие го градат и доминантниот наратив во постсоцијалистичка Македонија, врз основа на кој во општеството се гради и колективниот однос кон Ј. Б. Тито и културното наследство создадено во СФРЈ, поврзано со „неговиот лик и дело“. Оттука, со право може да се рече дека „сфаќањето за сеќавањето зависи од владејачкиот дискурс за памтењето, а владејачкиот дискурс на крајот зависи од моќта на актерот да го наметне и да ја дефинира агендата. Поради тоа, режимот е она што на памтењето му дава моќ, а не неговата содржина. Со промената на општествената пракса на памтењето, се менува и неговата содржина“ (Pavićević 2009: 103–104).

Во одредени периоди во постсоцијалистичка Република Македонија доминирал, да го искористам терминот на авторот Великоња: антититовскиот дискурс (Velikonja 2008: 17, фусн. 14). Ова е особено воочливо во периодите кога е на власт десната, конзервативната демохристијанска партија ВМРО-ДПМНЕ. Во периодите кога на власт е лево ориентираната, полибералната социјалдемократска партија СДСМ, овој дискурс постепено се релативизира. Бидејќи станува збор за циклуси во период од дваесет години на циклична промена на овие две партии, фактот што не се наметнала трета опција им дава сила на двете партии да ги градат своите замислени политики кон „ликот и делото“ на Ј. Б. Тито во циклуси: кога ќе заврши владејачкиот циклус на едната партија, другата партија ја продолжува својата партиска политика кон Ј. Б. Тито оттаму каде што запрела во претходниот циклус кога била на власт.

## Култура на сеќавање и на заборавање

Во етнолошката и антрополошката литература за сеќавањата за Ј. Б. Тито во постсоцијалистичките балкански држави авторите пишувале доста. Во етнолошката и антрополошката литература во постсоцијалистичка Република Македонија сеќавањата за Тито се допираат индиректно во истражувањата што се однесуваат на споменичното културно наследство и промените во календарот на празници. Неколкуте текстови во кои попатно се опфатени и сеќавањата за Ј. Б. Тито во подоцнежниот постсоцијалистички период на Република Македонија, на повеќе наврати, се на авторот Митја Великоња (види повеќе Velikonja 2008, Velikonja 2017).

Авторот Великоња е во право кога вели дека: „’политиките на сеќавање‘ стануваат материјализирани низ ’индустријата на сеќавања‘: со изградба на споменици, обредни комплекси, годишни празнични циклуси, продукција на сувенири, продукција на ’официјална‘ историографија итн., и како такви се неопходен дел на политичките, комерцијалните и

едукативните проекти“ (Velikonja 2008: 25). Тоа е така и во периодот на социјализмот, но и во постсоцијалистичка Република Македонија, како што е примерот со Музејот на македонската борба, отворен на 8 Септември 2011 година во Скопје. Така, во оваа смисла, во периодот на социјализмот, може да се зборува за воспоставување на концепција на таканаречен *социјалистички реализам* (Merenik 2009: 128), на новата културна политика на СФР Југославија и нејзината официјална уметност, од второто заседание на АВНОЈ во 1943 година и по Втората светска војна. Тој се воспоставува како единствена уметничка програма во чии рамки се работи на сеќавањата на антифашистичката борба со кои треба да се обликува важната одредница на идентитетот (Cipek 2009: 157). Во средиштето на комунистичката слика за историјата е партизанската борба и победата во 1945 година (Cipek 2009: 157) и, секако, врховниот командант Јосип Броз Тито. Воспоставувањето на ваквата програма, чија цел било создавањето „единствена социјалистичка култура“ (Rot 2000: 147), довело до занемарување на (културните) малцинства во етнографските истражувања – што, според Рот, имало и подалекосежни последици. Така бил воспоставен трендот на сликање на негови уметнички портрети, што бил посебно финансиран жанр од државата сè до неговата смрт во 1980 година. Со првиот портрет на Јосип Броз, што го насликал Моша Пијаде во 1930 година, започнало градењето на политичката „икона“ на револуционерниот, а подоцна и социјалистичкиот водач, кој по Второто заседание на АВНОЈ се стекнал со титулата Маршал на СФР Југославија. Ваквата уметничка продукција, во која спаѓаат сликарските портрети, портретите во медиумите, фотографиите и скулптурите, авторката Мереник ја става во најтесна врска со реторичката и идеолошката концепција на *body politic* за сеопфатното и сеприсутното комунистичко тело, отелотворено во Водачот: сите видови визуелни репрезентации што во својата основа ја содржат идејата за единствената и совршена структура на уреденото социјалистичко општество, чија визуелна, амблемска и иконична фигура е Јосип Броз Тито (Merenik 2009: 131). Додека авторката Мереник во нејзиниот текст зборува за тоа дека скулптурата, како и сликарските портрети во социјалистичкиот реализам стануваат парадигматско продолжение на политиката, власта и моќта (Merenik 2009: 129), авторот Макуљевиќ уметноста поврзана со портретите на Тито ја става во категоријата модерно сликарство што отстапува од советскиот модел по раздвојувањето на СФР Југославија од Советскиот Сојуз во 1948 година. Тој пишува дека тоа е периодот кога „уметноста е ослободена од стегите на партискиот курс, а прифаќањето на модернистичкиот израз станува една од карактеристиките на југословенската уметничка пракса“ (Makuljević 2017: 424). По овој период, забележано е дека бројот на сликарските портрети на Ј. Б. Тито се зголемил, а некои од нив станале пример за другите уметници во СФР Југославија. Портрети од овој жанр, но и веќе постојните, биле масовно (ре)продуцирани на територијата на целата СФРЈ, па и во СР Македонија. Познати се голем број автори во чиј авторски опус се застапени портретите на Тито, како на пример авторот Лазар Личеновски, кој се наоѓал на врвот на македонската

и тогашната југословенска уметност, и други, за кои од уметнички аспект уметниците би можеле да кажат многу повеќе од мене. Но, она што мора да се каже како податок, а за тоа зборуваат и други автори, е тоа дека во уметноста во овој период, важен контролен механизам бил личниот став на Ј. Б. Тито кон правците и стиловите во уметноста. Па така, „цензурирање на уметноста се случувало првенствено доколку дојде до критика на Титовиот лик“ (Makuljević 2017: 425), односно доколку портретите не се во согласност со одредбите од законите од 1953, 1977 и 1984 година, со кои бил заштитен ликот на Ј. Б. Тито. Ваквото влијание на Ј. Б. Тито врз трендовите во уметноста и контролата во уметноста придонесло, половина век подоцна, Тито да стане „главниот медиум на катарза низ деструкцијата на симболичките означители на срушениот режим“ (Merenik 2009: 129). Ваквиот реваншистички однос кон наследството од социјализмот започнал пред распадот, но посилно бил изразен „веднаш по распадот на Југославија и социјализмот, кога спомениците на комунистите биле лишени од функционалната смисла бидејќи ја изгубиле симболичката смисла“ (Kuljić 2014: 45).

**Да се сеќаваме и/или да го заборавиме Тито?**

Авторот Великоња во една прилика во својата книга „Титосталгија“, кога се обидува да го појасни дискурсот на менацирање на колективните сеќавања за Тито во постсоцијалистичките држави на Балканот, своето објаснување го темели на фактот дека тогашниот дискурс е еден вид сенка на сеприсутниот дискурс во времето на социјализмот. Единствената разлика што ја гледа е во спроведувањето на дискурсот од новите протагонисти низ новите политички митови, симболи и ритуали и новите „автентични жаргони“, бесконечно репродуцирани како тие во минатото (Velikonja 2008: 17). Освен тоа што обрнува големо внимание на *титосталгијата* во балканските независни држави, тој истовремено изнесува еден интересен предлог, да се направи анализа на антититовскиот дискурс што се развива истовремено со дискурсот „за“, внатре и надвор од територијата на СФР Југославија и подоцна во постсоцијалистичките држави и Република Македонија. Авторот Валикоња ваквиот антититовски дискурс го гледа во постапките што се случиле по промената на социјалистичкиот режим и распаѓањето на СФР Југославија, во постапките на територијата на поранешната СФРЈ кога „неколку илјади споменици и симболи на националното ослободително движење, социјализмот, Југославија, на нејзините лидери херои и на Броз беа отстранети, уништени, осквернавени, украдени и оштетени“ (Velikonja 2008: 75, фусн. 153). Се разбира, тоа не се случило секаде во иста мерка и со еднаква застапеност. Чувството е дека ваквите постапки биле поприсутни во оние републики каде што влијанието на Тито како симбол на југословенството за време СФР Југославија било

посилно изразено, онаму каде што тој бил и физички поприсутен. Во постсоцијалистичка Република Македонија, на пример, не може да се зборува за постапки од ваков вид. Може да се зборува за постапки кога се отстранети и се губи трагата за јавноста на портрети на Ј. Б. Тито што биле поставени за време на СФР Југославија во државните институции, како и постапното отстранување на буквите и бронзените плочи со пораката на Ј. Б. Тито дадена во Скопје по земјотресот на 27 јули 1963 година, поставена во „1975 година, врз остатокот од разурнатиот дел на источната фасада на зградата (...) во врска со катастрофалниот земјотрес и изградбата на Скопје“ (интернет-страница, *Музеј на град Скопје*, 2019). Така, пораката била отстранета од ѕидот на старата Скопска железничка станица, според објавени пишувања во јавните медиуми, на 9.11.2001 година, по налог на тогашната министерка за култура на Република Македонија.

> *„Владата беше избрана на изборите во 1998 година, но до 2000 година составот претрпе неколку измени. (...) во наредните две години (...) на чело на Министерството за култура застана Ганка Самоиловска-Цветанова, која ја повела иницијативата за отстранување на буквите на Тито од старата железничка станица“* (*skopjeinfo.mk*, 18.4.2018).

Она што се зборува за тој настан од подоцнежните раководители и вработени во Музејот е дека, иако буквите од стиропор биле извадени пред 17 години (земајќи ја 2018 година како временска точка), пораката можела да се чита од остатоците од лепилото со кое биле залепени буквите на ѕидот. По вадењето на буквите, по 7 години целосно биле извадени и бронзените табли со пораката, со образложение дека салата затворена со нив ќе се реновира. Според видувања на вработените, причина за тоа се идеолошките разлики на тогашната власт под раководство на ВМРО-ДПМНЕ со поранешното социјалистичко уредување (телевизија *Телма,* 22.4.2018). Едни од ретките што не се согласувале во тој период со оваа постапка биле припадниците на партијата Титови леви сили, кои, при обидот службите на Музејот да ја тргнат пораката, направиле протест до степен на инцидент, што бил надминат така што „титоистите“, како што се наречени во јавните медиуми во тој период, добиле гаранции дека натписот со пораката ќе биде вратен по реконструкцијата на ѕидот (*build.mk,* 5.10.2010). На 8.11.2010 година, буквите со пораката на Тито на Музејот на град Скопје се конечно тргнати, со најава од надлежните дека, веднаш по завршувањето на зафатот, „пораката ќе се врати на своето место“ (*Утрински весник*, 8.11.2010). Подоцна, раководителите на Музејот, како замена за отстранетите букви, направиле спомен-обележје со пораката во многу помал формат, кое го поставиле на влезот на Музејот на град Скопје.

Од друга страна пак, по осамостојувањето во 1991 година и една деценија подоцна сеќавањата за Ј. Б. Тито биле силно изразени во јавниот дискурс, за што како пример може да се спомене иницијативата на 8.5.2005

година, на тогашниот претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски (поранешен претседател на СДСМ), да се постави лиен споменик во бронза на Тито, со кој требало да биде одбележана 60-годишнината од победата над фашизмот, со објаснување од претседателот дека „Тито е лидер во борбата против фашизмот и историска личност која многу придонела за македонското национално прашање и градење на македонската државност" (Gerazova 2006: 98). Според идејата на претседателот, овој споменик требало да се постави во центарот на градот Скопје. Во периодите кога на власт е партијата ВМРО-ДПМНЕ, реализирањето на ваквите идеи со кои се гради позитивна слика за Ј. Б. Тито е невозможно, па, и во овој период, отпорот бил во содејство со доминантниот наратив на оваа владејачка партија во кој Ј. Б. Тито се интерпретира како негативна личност. Ова ја потврдува тезата дека „доминантните наративи за минатото имаат улога на организационен принцип на колективното памтење" (Pavićević 2009: 95), што е резултат на тековниот доминантен дискурс, согласно со кој се креира и јавното мислење за прашањето за иницијативата да се гради споменик во центарот на градот Скопје. За да може да се добие слика за тоа каков бил исходот од влијанието на доминантниот дискурс изразен во процентуална застапеност, авторката Геразова, во есејот посветен на Тито, користи резултати од извршена анкета на прашањето: „Треба ли да има споменик на Тито во Скопје?" (дневник *Вест*, 9.5.2005, цитирано според Gerazova 2006). Во есејот на Геразова нема податок за тоа колкав е истражувачкиот примерок, но, според добиените проценти, може да се види дека 39 % од испитаниците биле да биде поставен споменикот, а 61 % биле против тоа да биде поставен споменикот на Ј. Б. Тито во центарот на градот Скопје. Години подоцна, на 29 ноември 2013 година, е поставен споменик на Ј. Б. Тито пред истоимената гимназија во центарот на Скопје, а е поставен веднаш до споменикот со неговата биста. Според изјавите за медиумите на Слободан Угриновски, претседателот на Титовите леви сили, споменикот пред истоимената гимназија бил поставен од група граѓани во чест на 70-годишнината од одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ, во пресрет на 29 ноември, Денот на Републиката во времето на СФРЈ. Поставениот споменик претставува реплика на препознатливиот споменик на скулпторот Антун Аугустинчиќ, поставен пред родната куќа на Ј. Б. Тито во Кумровец, Р Хрватска. Претседателот на партијата Титови леви сили, според едни медиуми, тврдел дека за неговото поставување има технички документи, без да открие кој ја издал дозволата, додека, според друг медиум поддржувач на тогашните владини политики, општината Центар во својот Детален урбанистички план го нема предвидено овој споменик (телевизија *Нова*, 29.11.2013). Важно е да се спомне тоа дека претседателот на општината Центар во тој период е припадник на Либералната партија – коалиционен партнер на СДСМ, опозициска партија на владејачката партија во тој период, ВМРО-ДПМНЕ.

Ваквиот променлив, наизменично топло-ладен однос кон „ликот и делото" на Ј. Б. Тито на просторот на државите што произлегоа од поранешната СФР Југославија во период од 20 години, авторката Тања

Перовиќ го става во релација со етничките и политичките тензии, а ние би рекле дека во голема мерка е во релација со идејата на политичките партии на власт за процесот на градење на националниот идентитет на заедниците во постсоцијалистичките независни држави, па и во постсоцијалистичка Република Македонија. Авторката Перовиќ пишува дека носталгијата кон Ј. Б. Тито „е помалку воочлива во земјите што неодамна добија независност или таму каде што политичките тензии се сè уште на високо ниво (Македонија, Црна Гора и Косово)“ (Perović 2008: 6, 7, според Velikonja 2008: 39). Но, според неа, тоа не значи дека носталгијата не е присутна таму на индивидуално ниво, бидејќи, како што истакнува таа, била во можност да ја забележи низ интервјуата и разговорите со своите соговорници. Па во оваа смисла, во дискусијата во овој текст можеби не може да се зборува за изразена носталгија, но може да се зборува за сеќавања за Ј. Б. Тито, кои, иако некој постојано се обидува да ги заборави, одредени поединци сметаат дека би требало да останат во колективните сеќавања на граѓаните на Скопје: како во случајот со иницијативата за враќање на пораката на Ј. Б. Тито поврзана со постземјотресно Скопје поддржана од поединци на социјалните мрежи за враќање на портретите на Ј. Б. Тито во јавната сфера.

Она што може да се даде како генерален заклучок на досега кажаното поврзано со јавниот дискурс во однос со Ј. Б. Тито е дека зависи од доминатниот дискурс на главно две владејачки македонски политички партии во периодот од 2000-тата година наваму. Во однос на градењето на антититовскиот дискурс во постсоцијалистичка Република Македонија се истакнуваат периодите кога на власт е демохристијанската десна партија ВМРО-ДПМНЕ. Особено значаен во градењето на антититовскиот наратив е периодот од 1998 до 2002 година, па од 2006 до 2016 година кога, на најексплицитен начин, во градењето на доминантниот дискурс за Ј. Б. Тито се гради претстава како негативен лик од македонската национална историја и на најеклатантен начин се прави обид за „раскрстување“ со културното наследство поврзано со неговиот „лик и дело“ создадено во социјалистичкиот период.

## Како Скопје стана град на солидарноста?

Населението во СР Македонија, освен што ја градело претставата за Ј. Б. Тито врз основа на големата слика за него добивана од југословенските партиски индустрии поддржана од институциите, медиумите итн., претставата за него ја градело и врз основа на неговите 16 посети најпрво на Народната, а потоа и на Социјалистичката Република Македонија до неговата смрт во 1980 година. Во поглед на значењето и суштината на неговите посети, особено се значајни неговите први посети по Втората светска војна, што ги реализирал по повод востанието на македонскиот народ и годишнините од македонската државност, што оставило силен позитивен

печат поради поддршката што на таков начин ја дал на македонскиот народ. Во поглед на тоа како станал значаен за градот Скопје и скопјани, особено е значајна неговата посета по катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година. По катастрофалниот земјотрес, Ј. Б. Тито го посетил градот Скопје на „непоминати 24 часа од страотниот земјотрес" (портал *Macedonium*), но и по неполн месец дена по настанот, заедно со претседателот на Советскиот Сојуз, Никита Сергеевич Хрушчов.

За време на неговата посета на разрушеното Скопје на 27 јули, тој објавил дека југословенските заедници и светот ќе донираат големи средства за негова обнова и изградба. Тој истакнал: „Скопје доживеа невидена катастрофа, но Скопје повторно ќе го изградиме со помошта на целата наша заедница. Тоа ќе стане гордост и симбол на братството и единството, на југословенската и светската солидарност" (Ј. Б. Тито, Скопје 27.6.1963; портал *Macedonium*; *Окно*, 22.7.2013). Така, во периодот по земјотресот во 1963 година, симбол на југословенското единство и солидарност станува Фондот на обнова и изградба на градот Скопје (Jančeva, Litovski 2017: 163). Основан бил со одлука на Сојузното собрание со цел да бидат санирани последиците од катастрофалниот земјотрес што го погодува Скопје, главниот град на СР Македонија во 5 часот и 17 минути утрото на 26.6.1963 година. Меѓународните хуманитарни организации, како и народите од југословенските републики во голема хуманитарна акција на градот му даваат секаков вид помош во расчистување, санирање, а потоа и во негова обнова.

Градот бил обновен за релативно краток период. Скопје го стекнал епитетот „град на солидарноста". Во знак на благодарност за искажаната поддршка, пораката на Ј. Б. Тито со букви од стиропор премачкани со златна боја, во април 1975 година била испишана на разрушениот дел на источната фасада од објектот на старата железничка станица во Скопје, кој претходно, почнувајќи од 1968 година, со одлука бил адаптиран како музејски простор каде што бил сместен Музејот на град Скопје (интернет-страница, *Музеј на град Скопје*, 2019). Овие одлуки придонеле во градењето на политиките кон сеќавањата поврзани со земјотресот, Ј. Б. Тито и солидарноста. Ѕвездан Георгиевски во текстот посветен на старата железничка станица, која според него е најмаркантниот симбол на градот, потсетува дека, според податоците, била отворена во 1873 година и му служела на градот повеќе од шест децении. За да го унапреди железничкиот сообраќај, Банската управа, на местото на старата градба на железничката станица, во 1937 година започнала да ја гради денешната стара железничка станица. Во употреба била пуштена во 1940 година. Денешната стара железничка станица е дело на српскиот архитект Велимир Гавриловиќ. За време на Втората светска војна била бомбардирана, и бил погоден нејзиниот десен дел, оној што подоцна настрадал во земјотресот. Иако овој дел по војната бил реновиран, сепак бил недоволно цврст како основната градба, па во земјотресот целосно се урнал. Непосредно по земјотресот било решено урнатиот дел од станицата заедно со зачуваните перони, како и со неколкуте вагони, нормално и со

часовникот, да остане како споменик на трагичниот момент на скопската историја. Вистинската обнова на старата железничка станица, според идејното решение и проектот на архитектот Станислав Петровиќ, а во изведба на „Пелагонија“, се случила во 1968 година и траела до 1970 година. Во 1975 година на ѕидот до урнатината била ставена препознатливата изјава на Тито, дадена токму на ова место (*Окно*, 22.7.2013).

Пораката поставена на старата железничка станица станала симболот на Скопје како град на солидарноста. Секое одбележување на датумот на земјотресот и секој прилог посветен на случувањата поврзани со земјотресот започнувале со оваа порака. Но, со текот на годините, ситуацијата се променувала.

**Како се забораваше на Јосип Броз Тито 20 години?**

Авторката Цериќ за периодот по распадот на СФР Југославија пишува дека, „со промената на ситуацијата – слабеењето на југословенските институции, смртта на нејзиниот водач и со падот на комунизмот – содржините на стратешко и правно *наложенот̅о заборавање* конкурирале на дотогаш официјалното памтење“ (2009: 91). Во независните држави полека започнало да се институционализира националното памтење поврзано со дотогаш постојните алтернативни сеќавања, што, најчесто, ги исклучувале дотогашните сеќавања, па и тие поврзани со „ликот и делото“ на Ј. Б. Тито и неговата порака за Скопје како град на југословенското братство, единство и југословенската солидарност. Во постсоцијалистичка Република Македонија започнува да се заборава неговата порака, особено по 2000 година. Една активистка што ги следи и ги коментира настаните поврзани со отстранувањето на буквите од пораката како доказ за отпочнатиот процес на заборавање ја истакнува изјавата на тогашниот директор на Музејот на град Скопје, кој во неговото објаснување во врска со отстранувањето на ѕидовите (од панел) на Музејот рекол дека тој мора да се обнови, додека буквите ќе се чуваат на сигурно. Истиот раководител, по изминати три години од отстранувањето на буквите, на прашањето што се случува со постапката за обнова на пораката, одговорил со реторичко прашање: „А што е важно денеска што кажал Тито?“ (*Joci*, *Virtus Veritas,* 26.6.2018). Ваквиот однос кон пораката укажува на градење антититовски доминантен дискурс и насока во која се движела организацијата во македонското општество во периодот што следел. Така, во текот на единаесет години по 2006 година, заборавањето ќе биде насочено кон „неприкосновениот култ на Јосип Броз – Тито“ (Ачкоска 2016: 88), идентификуван како таков од група историчари блиски на владејачката партија и влијателни во градењето на дискурсот во тој период.

Неколку временски пресеци за односот кон Титовата порака се пример за тоа дека во јавниот дискурс Ј. Б. Тито полека се исклучува, сè

додека во еден момент пораката не била отстранета. Имено, со тоа се менува суштината на идејата за Скопје како град на солидарноста. Градоначалникот на град Скопје од партијата ВМРО-ДПМНЕ, по повод отворањето на изложбата „Средба на солидарноста 1964 – 1973“ во 2011 година, во својот говор суштината на одбележувањето ја насочува кон часовникот како сведок за настанот, кон настојувањето на скопјани во тоа време да се санираат последиците и кон мисијата на солидарност што го обедини светот, поради што Скопје станува град на солидарноста (*Официјален портал на град Скопје*, 27.7.2011). „Средбите на солидарноста“ го имаат примарното значење во градењето на идејата за градот на солидарноста:

> *„Градското собрание на град Скопје, на 18 мај 1964 година, ја донесе Одлуката со која беше решено, еднаш годишно, во периодот од 26 јули до 2 август, во Скопје да се одржуваат средби на солидарноста на коишто пријателите на градот од целиот свет ќе се натпреваруваат на полето на културата и спортот. Набрзо идејата стана реалност. Првата средба беше отворена на 26 јули 1964 година. Манифестацијата ’Средба на солидарноста‘ прерасна во традиција и во еден прекрасен настан од меѓународно значење. Секое лето, градот на Вардар беше центар на солидарноста и на вонредните човечки достигнувања не само на градилиштата каде* ***со помош на меѓународната солидарност*** *се раѓаше новиот град, туку и на полето на културата и спортот. Скопје стана отворен град – град на сите граѓани на светот“* (*Официјален портал на град Скопје*, 27.7.2011).

Од пораката изречена од градоначалникот може да се забележи дека во градењето на идејата за Скопје како град на солидарност се изземени значењето на Тито и неговата порака, а исто така и југословенската солидарност, и во смисла на материјална поддршка и во секаква друга смисла. Во неговиот говор, идејата за градот на солидарноста ја поврзува со меѓународната солидарност што треба да се одржува во духот на отворен град за сите граѓани во светот. Во одбележувањето на денот во 2013 година, може да се забележи дека е воспоставена праксата да се отслужува Заупокоена литургија и Панихида во спомен на жртвите од катастрофалниот земјотрес во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ (телевизија *Канал 5,* 26.7.2013), со што овој настан се здобива и со верски карактер.

Истовремено, во градењето на антититовскиот и антијугословенскиот став предводено од политичките елити на власт, под влијание на влијателна група историчари и други научни и семинаучни кругови се дефинира општествен став кон социјалистичката идеологија, општественото уредување на СФРЈ и нејзиниот водач и претседател Ј. Б. Тито и со изградба на посебни институции што ќе го носат тој предзнак. Таков е примерот со Музејот на

македонската борба. Во креирањето на поставката во Музејот учествувале голем број профили на научници, меѓу кои се издвојува професорката Виолета Ачкоска, како раководител на овој проект. На интернет-страницата на Музејот, во текстот што се однесува на историјатот на Музејот може да се забележи информацијата што се однесува на едукативниот карактер на експонатите, претежно восочни фигури на поединци од националната историја на македонскиот народ што се легитимираат како патриоти и жртви на комунизмот, при што се документира нивната голгота во времето на социјализмот и пораката дека македонското општество треба да се ослободи од наметнатиот југословенски социјализам:

> *„...преку музејските експонати* ***е документирана*** *голготата низ која врвеле македонските патриоти не помирувајќи се со парцијалното решение на македонското прашање во рамките на комунистичка Југославија, борејќи се против комунистичката власт и наметнатото југословенство...“* (интернет-страница, *Музеј на македонската борба за државност и самостојност*, Историјат, февруари, 2019).

Ваквата идеја со наративите е илустрирана, а со восочните фигури е материјализирана во Музејот на македонската борба за државност и самостојност – Музеј на Внатрешната македонска револуционерна организација (познат и како Музеј на ВМРО) (до месец февруари, 2019). Во фокусот на нашиот интерес посебно е набљудувана поставката во Музејот на жртвите на комунистичкиот режим (до февруари, 2019). Тоа беше проект на Владата на Република Македонија, реализиран од Министерството за култура на Република Македонија, а формиран со Одлука на Владата на РМ од 31 јули 2008 година. Изградбата на Музејот започна во 2008 година и траеше три години. Музејот беше отворен на 20-годишнината од независноста на Република Македонија, на 8 Септември 2011 година (интернет-страница, *Музеј на македонската борба за државност и самостојност*, Историјат, до февруари, 2019). Наративите од 2011 година се потврда за дотогашниот процес на заборавање, кога се дава легитимитет на секоја постапка против одредена личност што не ги задоволувала критериумите за „патриотизам“ уредени со музејската концепција во Музејот на ВМРО (до месец февруари, 2019). Тоа ќе го потврди и мислењето на авторот Ципек, кој вели дека „... кога во доминантниот дискурс нешто ќе изгуби вредност, тогаш на тоа речиси секој може да се изживува“ (Cipek 2009: 161).

При последната посета на интернет-страницата на Музејот на македонската борба на крајот на месец март 2019 година, може да се забележат значителни промени на интернет-страницата, што од друга страна зборува дека повторно настанува реорганизација на колективните сеќавања во структурата на сега новоименуваниот Музеј на македонската борба. Имено, на страницата е изоставен Музејот на жртвите на комунистичкиот режим

како посебен оддел. Во делот на Историјатот недостасуваат текстовите за причините за формирање и начинот како е формиран Музејот, забележани при посетата на интернет-страницата еден месец претходно. Оваа промена во структурата и наративите на музејската интернет-страница зборува дека, со промената на партијата што е на власт и раководните органи во институцијата, се променува и односот кон сеќавањата за социјализмот, за Ј. Б. Тито, и ќе настапи повторен процес на реорганизација на колективните сеќавања за нив воопшто.

Другиот пример што го илустрира процесот на заборавање на Ј. Б. Тито, а започнува со осамостојувањето на Република Македонија, е случајот со уметничките дела, портрети на Ј. Б. Тито, кои со текот на годините, постепено ги снемува од јавните институции поставени во времето на СР Македонија. Во една прилика, прелистувајќи низ социјалните мрежи, интересен беше постот на И. П., кој се интересираше за портретот од авторот Димитар Кондовски, изработен по нарачка од НУБ, а по повод отворањето на новата зграда во 1972 година. Неговата иницијатива беше во насока да се врати портретот на старото место, бидејќи портретот се наоѓа во депото на Музејот на Македонија (И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил), каде што, според дискутантите, е *сокриен и покриен* за никој да не го гледа веќе 20 години. Во дискусијата меѓу учесниците, во иницијативата учествува и раководителот на Музејот на Македонија, кој ја потврди информацијата дека делото се наоѓа во депото на Музејот. Од други стручни лица од областа на историјата на уметноста се потврди дека овој портрет не е единствениот ваков пример и дека повеќето портрети на Ј. Б. Тито од периодот на СР Македонија се подзатскриени од јавноста на сличен начин. Познавачите на уметничките и архитектонските творби од времето на социјализмот спомнуваат уште неколку дела. На пример, се говори за сликата на Тито што стоела на меѓукатот на скалите во Стоковната куќа НАМА (Народен магазин) за која претпоставуваат дека е дело на сликарот Хегедушиќ, потоа за сликата на Тито од познатиот автор Томо Шијак што се наоѓала во бараката на Град Скопје што сега се користи како магацин каде што се чуваат документи (И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил), и други за кои се зборува во множина, од што се добива впечаток како за наследство што е тотално заборавено: „на оваа слика со ликот на Тито (се однесува на сликата од авторот Кондовски) не се сеќавам, но знам дека постоева портрети од Маршалот изработени од други сликари. Што е со нив, каде се, знае ли некој? Да проголтаме ако се во некоја приватна колекција и на видливо место, но не гледаме веќе портрети на Маршалот. Нивната уметничка вредност не би требело да биде сокриена или уште полошо зафрлена било каде и изгубена... Нормално би требело да постои запис за сите уметнички дела каде се наоѓаат моментално. Тоа важи и за ова дело од Димитар Кондовски кое не смее да чмае во некој бункер или Бог да чува, буниште. Секако, ќе ја вратиме на видно место!!“ (Р. Б. Н., И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил).

## „Зборува Скопје“[2]: „Солидарноста се враќа дома“[3]

Иницијативата во претходниот цитат од дискусијата продолжува со различните идеи за тоа што треба да се направи со портретите и поракатa на Ј. Б. Тито: „Сликава мора да се извлече од подрумите и повторно да види светлина. Според моето скромно и неекспертско мислење, сметам дека местото ѝ е во Музејот на Град Скопје, заедно со сите документи врзани за пораката на Тито за земјотресот во 1963. Ајде како што ги вративме буквите, да ја вратиме и сликава!“ (И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил). Оваа дискусија на личниот профил на И. П. со другите учесници може да се сфати како поддршка на иницијативата за враќање на буквите од пораката на Ј. Б. Тито, што, според информациите на раководителката на Музејот на град Скопје, била доставена до Музејот и до Министерството за култура од група граѓани. Причините за иницијативата за враќање на буквите, според поддржувачите на оваа иницијатива, се наоѓаат во колективната меморија на граѓаните на град Скопје, каде што „испишаната порака на Јосип Броз Тито дадена по земјотресот од 26 јули 1963 година имаше важно место и претставуваше репер во постоењето и негувањето човечки релации во трагичните моменти на живеењето на еден град. Поттикнати од ехото на таа порака и потребата на нејзиното постоење за идните генерации, ние група граѓани поведуваме иницијатива за нејзино враќање на местото каде што била старата железничка станица, а денешен Музеј на град Скопје“ (*skopjeinfo.mk*, 18.4.2018). Иницијативата во интернет-дискусијата поттикната од И. П. во врска со портретот на Кондовски не се поврзува само со ова уметничко дело туку и со целото културно наследство поврзано за Ј. Б. Тито, кое, како што видовме во текстот погоре, според нив, е под опасност да биде заборавено. Други пак, меѓу кои и некои културни работници, ваквото поместување од јавниот простор го гледаат само од аспект на техничка постапка на заштита. Според нив, тоа подразбира депонирање заради чување во депото на Музејот, па сметаат дека оваа слика „не е скриена“, туку е само депонирана да се чува. Но, за поединците што ја следат концепцијата на „криење“ на културното наследство за „ликот и делото“ на Ј. Б. Тито, релевантно е само прашањето со каква намера е тргната сликата од локацијата во јавниот простор и зошто, наместо да биде вратена на старото место по реконструкцијата на објектот, е депонирана во музејски депоа, и со тоа јавноста ја губи трагата за неа. Така, еден познат историчар

2 Наслов на четиридневната манифестација (23 – 26 јули 2018 година) организирана по повод 55 години од случувањето на катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година од страна на градоначалникот на град Скопје. Насловот е искористен како наслов за поголем дел од написите во медиумите тие денови.

3 Наслов на напис во печатените медиуми.

на уметност и редовен професор на УКИМ во Скопје, во комуникацијата истакнува: „Оваа слика ја барам со години!!!! Додека студирав стоеше меѓу двете големи читални во НУБ. Претпоставувам дека е нивна сопственост. (...) Сто пати сум ја спомнувал на час...“ ( И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил). Но, според најголем дел од нив, освен што дел од културното наследство може да се најде по приватните колекции, за голем дел од него не се знае ништо или, како што е во случајот со сликата на авторот Кондовски, „е скриено“ во депото на Музејот на Македонија во Скопје. Според иницијативата на дискутантите, една од опциите тоа да излезе во јавноста е „да се заложи некоја институција да организира ретроспективна изложба каде ќе бидат изложени сите дела...“ (Е. П., И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил).

Како што видовме погоре во текстот, и во дискусијата е опфатена успешната иницијатива за враќање на пораката на Ј. Б. Тито на своето старо место, но сега со една нова концепција за градот Скопје како град на солидарноста, каде што пораката на Тито повторно добива свое место. Од иницијативата велат:

> „*Оригиналните (букви) беа од стиропор, патинирани од времето. Но да, можеа да бидат подобри. Најважно од сè беше да се врати пораката. Секогаш да нè потсетува колку е важна солидарноста*“ (А. А., И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил). „*Нека се излеат како што го личи, у патинирана бронза, за да пораката остане Вечна, како што ја личи*“ (Н. Г., И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил).

> „*Тоа не е обична порака. Тоа е едно ветување дека ќе се изгради поубав град, со солидарна помош. Тоа ние го направивме, односно го добивме. И како гест на респект, на извонредна почит кон тој момент и тој период. И воопшто кон феноменот на солидарност. Едноставно тој концепт е нешто што секое здраво општество го негува*“ (архитект Д. П., телевизија *Телма,* 22.4.2018).

Буквите на старо-новата порака на Ј. Б. Тито се изработени во нов фонт, кој за многумина беше неприфатлив. Но, од интернет-иницијативата се гледа идејата дека враќањето на пораката на Ј. Б. Тито „на своето старо место“ – на Музејот и во сеќавањата на скопјани е со препорака дека таа концепција за солидарност е нешто што секое здраво општество треба да го негува и треба да трае вечно.

## Заклучок

Пораката искажана од Ј. Б. Тито по катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година била поставена на ѕидот на старата железничка станица, денешен Музеј на град Скопје, а портретот на Ј. Б. Тито од авторот Димитар Кондовски во 1972 година бил поставен на челната позиција меѓу двете читалници во НУБ во Скопје. По независноста на Р Македонија, започнал процес на градење на антититовски дискурс во независната држава, а со тоа се презеле активности за отстранување на пораката и портретот од јавните простори. Процесот на „раскрстување“ со минатото поврзано со Ј. Б. Тито и ова културно наследство трае подолго од 20 и повеќе години, но најинтензивен бил во периодите од 1998 до 2002 и меѓу 2006 и 2017 година, кога на власт била десно ориентиранaта демохристијанска партија ВМРО-ДПМНЕ. Во другите периоди и во периодот по 2017 година се интензивира враќањето на сеќавањата за Ј. Б. Тито. Присеќавањето на ликот и делото на Ј. Б. Тито е постигнато со голем број иницијативи, но за нас во овој текст важни се две. Тоа е иницијативата на една социјална мрежа забележана на еден приватен профил, истовремено со иницијативата поднесена од група граѓани до Музејот на град Скопје за враќање на пораката на Ј. Б. Тито на „своето старо место“ на неговиот ѕид. Овие иницијативи се со иста цел, се грижат за враќање на портретите и пораката на Ј. Б. Тито за постземјотресно Скопје во колективните сеќавања на граѓаните на градот Скопје.

## Извори

„Изложбата за скопскиот земјотрес посветена на младинците бригадири“, телевизија *Сител*, 19.7.2018, https://sitel.com.mk/izlozhba-ta-za-skopskiot-zemjotres-posvetena-na-mladincite-brigadiri

„Нова битка за пораката на Тито“, дневен весник *Дневник*, 6.10.2010, https://daily.mk/what/407955

„Одбележани 48 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје од 26 јули 1963“, *Официјален портал на град Скопје*, 27.7.2011, http://www.skopje.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=4395&mid=482&tabId=&tabindex=0

„Отстранета пораката од Тито на старата железничка станица“, портал *skopjeinfo.mk*, Азбука на градот, 18.4.2018, https://skopjeinfo.mk/otstraneta-porakata-od-tito-na-starata-zheleznichka-stanica

„Посетите на Тито во Македонија“, *Macedonium*, Форум: Историја. Нов век. Македонија во составот на СФР Југославија, http://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=1&pid=3&ppid=83&tid=2221

„Потсетување: кој и како ја тргна пораката на Тито од Музејот на Скопје“, во: Ај што ми е ретро, ем драго, *Joci*, *Virtus Veritas*, 26.6.2018, http://joci.mk/2018/07/26/%D0%BF%D0%BE%D1%82%D1%81%D0%B5%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BA%D0%BE%D1%98-%D0%B8-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D1%98%D0%B0-%D1%82%D1%80%D0%B3%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0/ и (http://star.vest.com.mk/default.asp?id=63269&idg=3&idb=896&rubrika=Skopje)

„Скопје се сеќава – 50 години од катастрофалниот земјотрес“, телевизија *Канал 5*, 26.6.2013, https://www.kanal5.com.mk/articles/179807/skopje-se-sekjava-50-godini-od-katastrofalniot-zemjotres

„Споменик на Јосип Броз Тито синоќа е поставен во Скопје“, *Нова ТВ,* 29.11.2013, https://novatv.mk/spomenik-na-josip-broz-tito-sinokja-e-postaven-vo-skopje/

„Титовата порака симната од Музејот“, *Утрински весник*, 8.11.2010.

Георгиевски, Ѕвездан. „Стара железничка станица, Скопје 1963 – 2013“, *Окно*, 22.7.2013, https://okno.mk/node/30137

И. П., 27.10.2018, личен фејсбук-профил.

Музеј на град Скопје, Историјат на Музејот на град Скопје, интернет-страница, https://www.mgs.org.mk/index.php/2016-04-06-10-30-16

Музеј на македонската борба за државност и самостојност – Музеј на Внатрешната македонска револуционерна организација и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим, интернет-страница, https://www.mmb.org.mk/index.php/mk, февруари – март, 2019.

Трајков, Сотир, Пуленцовски, Наум. „Да се врати пораката на Тито на ѕидот на Музејот на град Скопје“, телевизија *Телма*, 22.4.2018, https://telma.com.mk/da-se-vrati-porakata-na-tito-na-zidot-na-muzejot-na-grad-skopje/

„Нова битка за пораката на Тито“, Forum: Објекти од културата (општо), *build.mk,* 5.10.2010, http://www.build.mk/%5C%22..%5C/..%5C/forum%5C/forum_posts.asp?TID=672&PN=11&SID=bdd2ed5a34254cee4fbadd58fa1eff15

**Литература**

Ачкоска, Виолета. 2016(2011). „Современото македонско општество помеѓу либерализмот и реболшевизацијата“, *Годишен зборник*, 87–103. Скопје: Филозофски факултет, Историско-филолошки оддел, *dl.fzf.ukim.edu.mk/index.php/godz/article/download/1147/1126*.

Đerić, Gordana. 2009. „Označeno i neoznačeno u narativima društvenog pamćenja: jugoslovenki slučaj, *Kultura sjećanja: 1945. Povijesni lomovi i svladavanje prošlosti*, 83-92. Zagreb: Disput.

Cipek, Tihomir. 2009. „Sjećanje na 1945: čuvanje i brisanje: O snazi obiteljskih narativa“, *Kultura sjećanja: 1945. Povijesni lomovi i svladavanje prošlosti*, 155–165. Zagreb: Disput.

Ćalović, Dragan. 2011. „Učešće jugoslovenske posleratne umetnosti u učvršćivanju imidža Josipa Broza Tita“, *Kultura polisa* 15(VIII): 177–194.

Gerazova, Iskra. 2006. „Тој пак крена галама: Сопствени согледувања и искуства за ликот на Тито“, *Tito – stara ikona v novih kontekstih*, *Kula*, Revija Slovenskega etnološkega in antropološkega združenja, Posebna izdaja, 97–99. Ljubljana.

Jančeva, Ljubica, Litovski, Aleksandar. 2017. „Uspostavljanje sopstvenog identiteta: Makedonija i Makedonci u Jugoslaviji“, *Jugoslavija u istoriskoj perspektivi,* 149–171. Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji.

Kuljić, Todor. 2014. *Tanatopolitika, sociološkoistorijska analiza političke upotrebe smrti*, Žarko Čigoja (ur.). Beograd: Čigoja.

Makuljević, Nenad. 2017. „Od umetnosti nacije do umetnosti teritorije: Jugoslovenska umetnost i kultura“, *Jugoslavija u istoriskoj perspektivi,* 414–433. Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji.

Merenik, Lidija. 2009. „Kultura zaborava: Jugoslovenska umetnost i kulturna politika oko 1945. i njena sudbina pola veka kasnije na primeru portreta Josipa Broza Tita“, *Kultura sjećanja: 1945. Povijesni lomovi i svladavanje prošlosti*, 127–140. Zagreb: Disput.

Pavićević, Đorđe. 2009. „Zajednice pamćenja i režimi pamćenja: ka odgovornom pamćenju“, *Kultura sjećanja: 1945. Povijesni lomovi i svladavanje prošlosti*, 93–106. Zagreb: Disput.

Potkonjak, Sanja, Pletenac, Tomislav. 2007. „Grad i ideologija: ’Kultura zaborava‘ na primjeru grada Siska“, *Studia ethnologica Croatica* 19: 171–198.

Rot, Klaus 2000. „Narodna kultura Jugoistočne Evrope u moderno doba“, *Slike u glavama*, Ogledi o narodnoj kulturi u jugoistočnoj Evropi, Ivan Čolović (ur.), 139–160. Beograd: Biblioteka XX vek.

Velikonja, Mitja. 2008. *Titostalgia* – A Study of Nostalgia for Josip Broz, Ljubljana: Mirovni inštitut.

Velikonja, Mitja. 2017. „Yu-retrovizor: Načini sećanja na Jugoslaviju“, *Jugoslavija u istoriskoj perspektivi*, 485–513. Beograd: Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji.